Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66та седница одржана на 21.04.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1300/1 од 24.03.2021 година, против ------------, Н.Н лице вработено во Основен суд ----------, -------- од с. ----------, ---------- од -------- и -------------, од ---------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за постапување за предметниот случај, по наведениот предмет постапува надлежен орган, ОЈО -----------.

Предметот со број 12-1300/1 од 24.03.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 24.03.2021 година, поднесена е пријава во против ------------, Н.Н лице вработено во Основен суд ----------, -------- од с. ----------, ---------- од -------- и ----------, од --------- и оформен е предмет број 12-1300/1 од 24.03.2021 година.

Во пријавата, има наводи дека лицата ----------, адвокат од ---------- и Н.Н лице вработено во Основен суд -------, сториле кривично дели „Злоупотреба на службена положба и овластување и поднесување на лажни докази, додека ---------- од с. --------, ---------- од ----------- и ---------- сториле кривично дело „Поднесување на лажни докази и употреба на исправа со невистинита содржина. Пријавителот наведува дека Пријавата ја

доставил до СВР ------------------ која била заведена под број 733, и која била доставена до ОЈО -----------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, по наведениот предмет постапува надлежен орган, ОЈО ---------.

Лицата кои се наведени во пријавата не се службени лица во смисла на член 8 став 2 од ЗСКСИ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател**
**Нури Бајрами**

Изготвил: С.М
Одобрил: м-р Ш.С- член на ДКСК